# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ И ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА - ПРАКТИКУМ“ ОД ПРОФ. Д-Р КИРИЛ ЦАЦКОВ И М-Р ОЛИВЕР ЦАЦКОВ, ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1602-37/5 од Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, одржана на 28.1.2015 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Александар Трајановски, редовен професор, историчар;
– проф. д-р Нада Јурукова, редовен професор, историчар.

Рецензентската комисија имаше за задача да изготви извештај - рецензија на приложениот ракопис „Балканските војни и Првата светска војна – практикум“ од проф. д-р Кирил Цацков и м-р Оливер Цацков, наменет за студентите на прв циклус додипломски студии, студиска програма Историја при Факултетот за образовни науки на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Општи податоци за ракописот***

Ракописот за учебно помагало „Балканските војни и Првата светска војна – практикум“ од проф. д-р Кирил Цацков и м-р Оливер Цацков е компатибилен со Наставниот план и содржините на предметот Балканските војни и Првата светска војна, што се изучува на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, за студиите на прв циклус додипломски студии по историја во VI семестар, со неделен фонд на часови 2. Приложениот ракопис е работен компјутерски, а текстот е дополнет со повеќе примери. Доставениот текст е подготвен во согласност со пропишаната Наставна програма за горенаведениот предмет и според барањата кои се поставуваат пред студентите во рамки на предметот, а се однесуваат на теоретската реализација на споменатата програма. Истовремено одговара и на одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Приложениот ракопис е концизно учебно помагало кое ги опфаќа содржините што се однесуваат за Балканските војни и Првата светска војна. Наставните содржини се презентирани јасно и концизно со соодветни примери кои овозможуваат полесно разбирање и усвојување на материјата.

***Податоци за обемот на ракописот***

Ракописот што е приложен за рецензија е со А4 формат, фонт 12, напишан во Times New Roman, со македонска поддршка. Текстот содржи 31 страници и е подготвен според пропишаната наставна програма и барањата кои се поставуваат пред студентите во рамките на овој предмет. Практикумот содржи предговор и 9 тематски целини.

***Податоци за постоење на сличен или ист наслов***

Практикумот претставува значајно историско помагало, кое ќе им помогне на студентите - идни историчари полесно да го совладаат материјалот, а воедно и да ги надградат своите знаења од оваа област.

***Краток опис на содржината***

Структурата на трудот содржи девет тематски целини. Во првата тематска целина се дава осврт на прашањата кои, всушност, доведоа до Балканските војни. Во тој контекст се обработуваат следните прашања: гео-политичката состојба на Балканот на крајот на

19 и почетокот на 20 век, создавањето на нови држави на Балканот и непочитувањето на етничките принципи, интересите на западните европски држави кон Балканскиот Полуостров.

Во втората тематска целина се обработени прашањата: тројниот сојуз и Антантата, како бугарската и српската страна гледале на линијата на разграничување на Македонија.

Општата тематска преокупација на авторите ја предодредува и структурната организација на третата тематска целина од практикумот: геополитичката состојба во Македонија непосредно пред почетокот на Првата балканска војна, какви биле пропагандите на соседните држави во Македонија пред почетокот на Првата балканска војна.

Историската категорија определеност со која се обележани насловите на четвртата тематска целина посочува на димензијата на дистанцираност и минатост на која реферираат авторите, туку и во смисла на сугерирање општост на овие темпорални единици: воените планови и стратегија на турската и српската војска непосредно пред избувнувањето на војната, гео-политичката состојба на Балканскиот Полуостров во периодот 1912-1913, улогата на македонските чети во Првата балканска војна.

Во петтата тематска целина се обработени прашањата: што претставувала македонската колонија во Петроград, дадена е анализа на Меморандумот за независност на Македонија од 1 март 1913 година и Лондонската мировна конференција во 1913 година.

Во шестата тематска целина се предвидува теренска вежба на која студентите непосредно ќе ги посетат позициите на двете војски учесници во војната, ставот на Карнигиевата комисија, со посебен осврт за објективноста во односот на Македонија.

Букурешкиот договор и неговата содржина е посебно прашање обработено во седмата тематска целина.

Воените планови на Австро-Унгарија, Русија, Британија, Франција и Германија е прашање кое на доста интересен начин е обработено во осмата тематска целина.

Во деветтата тематска целина е обработена содржината од документарниот филм The Necessary of war http://youtube/Pg5LWHQYIrY, во продукција на BBC, 2014, во која водечки светски историчари за Првата светска војна ја анализираат војната и дискутираат за тоа. Практикумот содржи и пет карти.

Во практикумот на интересен начин е даден осврт на настаните што доведоа до Балканските војни и Првата светска војна. Невозможно е, а да не се спомене и она што „ослободителите" на Македонија оставија зад себе разорено стопанство, глад, ограбени имоти, ранети и инвалиди од војните, семејства завиени во црно поради изгубени војници-синови, мажи, татковци и оставени сирачиња.

Содржината на практикумот е добар пример, сведоштво и потсетување на она што се случило во Македонија, но и одбрана од она што може да се случи, доколку не се почитува она што го правеше македонскиот народ во изминатиот период за да ја види слободна својата татковина Македонија.

## З А К Л У Ч О К

Врз основа на изложеното може да се заклучи дека приложениот ракопис за практикумот по предметот Балканските војни и Првата светска војна мошне сликовито и едноставно се обработува предметните содржини и е потполно во согласност со студиската програма и наставниот план на Факултетот за образовни науки. Практикумот е особено важен и неопходен за студентите од студиската програма Историја за полесно совладување на наставните содржини по наведениот предмет.

Врз основа на ова, имаме чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки да го препорачаме практикумот Балканските војни и Првата светска војна од проф. д-р Кирил Цацков и м-р Оливер Цацков да го прифати како рецензиран.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Александар Трајановски, с.р.**
**Проф. д-р Нада Јурукова, с.р.**